З А П И С Н И К

Од 4-тата седница на Советот на Општина Чешиново-Облешево одржана на ден 11.12.2025 година со почеток од 10:00 во просториите на Општина Чешиново-Облешево-сала на Совет.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Чешиново-Облешево г-дин Горанчо Димишков.

Од вкупно 11 Советници на седницата присуствуваа сите 11 советници и тоа: Горанчо Димишков, Александар Саздов, Виктор Нестов, Даниел Гочев, Грозде Митров, Христина Горгиева, Дивна Зафирова, Бранко Стоименов, Влатко Заов, Борчо Гигов и Дарко Стојанов.

На Седницата присуствуваа Весна Горева-Малинова раководител на сектор Јавни дејности, Иван Митков Помлад инспектор за животна средина, Ива Стефанова раководител на одделение за локален економски развој, Светлана Заова самостоен референт за канцелариско и архивско работење, Сања Петрова соработник за поддршка и развој на ЛЕР, Ивана Минова-Богданова раководител на одделение за финансиски прашања, Јулијана Стојанова и Викторија Зашова-представници од Здружение на граѓани, Марија Јованова-соработник за имот на општината, соработка со НВО и месна самоуправа, и Ивана Миленкова како техничка поддршка за снимање и пренос на седницата.

Записникот го води Емилија Анастасова-Советник ревизор на обука.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков даде збор на Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево.

Градоначалник:

- Благорадам Претседателе за можноста. Моето обраќање би било со настанатата ситуација што не зафати во предходниот период со поплавите на територија на Општина Чешиново-Облешево, иако сето тоа е минато сепак да кажеме збор-два за таа немила настаната ситуација. Односно еден извештај за сето тоа што беше превземено. По моја иницијатива на 01.12.2025 година во просториите на Општина Чешиново-Облешево се одржа состанок на кој што заседаваше формираниот општински кризен штаб. На состанокот поканивме и представници од Дирекцијата за заштита и спасување, Центар на спасување со кризи, Црвениот крст, МВР Кочани, Центар за јавно здравје и претставник од подружницата на Водостопанство АД Брегалница. Беше актуализирана и опишана настанатата ситуација на територијата на Општина Чешиново-Облешево и беа констатирани односно беа утврдени повеќе реални состојби на теренот односно по населени места. На тој состанок исто така беа предложени и неколку заклучоци по кои што дополнително наредните денови беше и постапено. За АД Водостопанство беше предложено активно да се вклучи во чистење и редовно следење на каналите и речните корита. За претставниците од Јавно здравје ќе треба да извршат испитување на водите од бунарите каде што се користи водата за

пиење во некој населени места. Исто така беше наложено дека во наредниот период треба пристапат кон дезинфекција и деретизација на улиците и домовите каде што беа зафатени за превенција од појавување на некои несакани заразни болести. Исто така на Центарот со кризи и на дирекцијата за заштита и спасување им беше наложено дека треба внимателно да ја следат состојбата бидејќи наидува годишно време зима каде што се очекуваат дошполнителни пак врнежи, за да не ни се случи повторно да не зафати таква немила ситуација. На самиот состанок беше формирана комисија за процени и утврдување на штети настанати од природни непогоди и други несреќи, односно нема да се формира нова комисија, од предходниот совет имаше формирано комисија која што комисија ќе продолжи да работи, само ќе се направат измени кои што дополнително на вас ќе Ви бидат предложени, бидејќи некои членови што биле повеќе не се овие присутни или се со други работни задачи. Исто така можам да кажам соодветно и на најдобар можен начин се справивме со поплавите кои што ја зафатија територијата на Општина Чешиново-Облешево, односно со брзата интервенција и механизацијата на Јавното комунално претпријатие успеавме доста голем дел од тоа што можеше да се санира и спречи во тој момент да го направиме. За да биде целосно заштитено подрачјето на територија на Општина Чешиново-Облешево и населените места кои што се подложени на поплави, дополнително превземавме мерки, односно со помош на општествено одговорни компании од нашата држава кои што излезеа на терен. Морам да ги пофалам од компанијата Бехтел и Енка, кои што со едно јавување, всушност се понудаи за помоша на нас баш во тој момент ни беа потребни машини кои ќе можат да излезат на терен, тешка механизација. Ни излезеа во пресрет на нашите барања, ни испратиа машини и сум сигурен дека ја завршија работата во прочистувањето на Кочанската река и одводните канали. Ова не значи дека ние целосно сме заштитени од поплави како подрачје, бидејќи се зависи од временските услови, но сега сме далеко поспремни. Акцијата овде не е застаната, продолжува со користење на капацитетите АД Водостопанство Брегалница кои што со две машини се на терен и продолжуваат со чистење на одводниот канал што поминува од Бање до Злетовица.Најкритичната точка кај село Спанчево ќе биде под мониторинг од Општина Чешиново-Облешево и ќе се инсистира тој простир каде што е најпроблематичен при појава на поплави да биде целосно санирана а во иднина ќе пристапиме и со трајно решение на овој проблем.Комисијата ќе појде на терен од утре по списокот што е доставено од архивата односно луѓето кои што имат привајено за штети и ќе направи еден записник колкав дел од нивните ниви и објекти се зафатени и ќе го достави до институциите на државата за понатаму да проценат колку и дали таа штета ќе биде надоместена.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков ги извести советниците дека има допуна на дневниот ред на следните точки:

За 21 точка – Предмет: Известување за катастерски парцели за исфрлање –депонирање на градежен шут.
Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена точката за дневен ред.

За 22 точка – Известување за промена на член на Управен одбор на ЈПКД Облешево.
Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена точката за дневен ред.

За 23 точка – Донесување одлука за измена и дополнување на одлуката за формирање на комисија за процена и утврдување на висина на штети настанати од природни непогоди и други несреќа.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена точката за дневен ред.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков кажа да се разгледа Записникот од третата седница и ако нема збор да се гласа.

Бидејќи никој немаше збор, се премина на гласање и со со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Записникот од третата седница.***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков за работа на 3-тата Седница на Совет на Општина Чешиново-Облешево го предложи следниот:

ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД

1. ПРОГРАМА за подршка и унапредување на основното и предучилишното образование и воспитание во Општина Чешиново-Облешево за 2026 година
2. ПРОГРАМА за поттикнување и унапредување на еднаквите мошности на мажите и жените на територија на Општина Чешиново-Облешево
3. Предлог ПРОГРАМА за активности на Општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации зан 2026 година
4. БАРАЊЕ парични средства за лекување
5. ИЗВЕШТАЈ за наплата на даноците во Општина Чешиново-Облешево за 2025 година, состојба 30.11.2025 година
6. ПРЕГЛОГ годишна програма за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година
7. ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за 2026 година за поставување на урбана опрема на територија на Општина Чешиново-Облешево
8. ППРОГРАМА за работа во областа на располагањето со градежно земјисте во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Чешиново_облешево 2026 година
9. НАЦРТ-Буџет на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година

10. ПЛАН на развојна програма за Реконструкција на улица сремска и дел од улица 6 во село Облешево
11. ПЛАН за развојна програма за Реконстукција на улица Маршал Тито во село Чешиново фаза 2
12. ПЛАН за развојна програма за Реконструкција на линиски објект Гичо Стојчев во село Кучичино
13. ПЛАН за развојна програма за Реконструкција на линиски објект Трајан Мицков во село Кучичино
14. ПЛАН за развојна програма за Реконструкција на улица во село Спанчево на дел од КП 6058/1 и КП 5797/1
15. ПЛАН за развојна програма – Основен сообраќаен проект за режим на сообраќај на ул. Маршал Тито, с. Спанчево
16. ПЛАН за развојна програма за Реконструкција на дел од улица Јоаким Крчовска во село Облешево
17. ПЛАН за развојна програма за Реконструкција на дел од улица Прохор Пчински КП2924 во село Чифлик
18. ПЛАН за развојна програма за Изградба на систем за изведување на отпадни води во с. Соколарци 2-ра фаза
19. ОПЕРАТИВЕН ПЛАН за заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја на територијата во надлежност на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година
20. УКАЖУВАЊЕ од Државен комунален инспектор

Сите советници едногласно го усвоија дневниот ред.

1. ***ПРОГРАМА за подршка и унапредување на основното и предучилишното образование и воспитание во Општина Чешиново-Облешево за 2026 година***

   Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Весна Горева Малинова,раководител на одделение за јавни дејности.

   Весна Горева Малинова даде образложение на програмата:

   - Во Општина Чешиново-Облешево основното образование се одвива во две основни училишта, а предучилипното образование и воспитание во една детска градинка.Основните училишта се финансираат од Буџетот на РСМ преку блок дотација за основното образование од Министерството за образование и наука, а детската градинка преку Блок дотација за детска заштита преку Министерство за труд и социјална политика и дотација/трансвер од буџетот на Општина Чешиново-Облешево согласно финансиските можности на општината.

     Во рамки на активностите се планирани следниве содржини:

   - Подршка на образовните институции при планирање и реализирање на Годишните програми за работа на училиштата во наставните и воннаставните училишни проекти
   - Подршка на ученици од социјално од социјално ранливи категории
   - Промовирање и подршка на успешни поединци и успешни екипи
   - Доделување подароци на запишаните првачиња во основните училишта и децата од детската градинка.

     Со награда од 6000 денари ќе бидат наградени учениците кои ќе бидат прогласени за ученици на генерацијата за учебната 2025/2026 година, а со 3000 денари или вредносен ваучер од 3000 денари ќе бидат наградени учениците од основните

училишта кои ќе остварат особени достигнувања по одредени предмети на државни натпревари во учебната 2025/2026 година.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков праша дали има прашања.
Борче Гигов кажа:

- Почитувани колеги и советници овие средства се мали, за работи за образование, давам предлог да се покачи буџетот од 86000 денари барем 120000 денари, за учениците на генерација и учениците со постигнат успех.

Весна Горева-Малинова:

- Колку предлагате?

Борче Гигов:

- Барем 50% плус .

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **10 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, 1 ВОЗДРЖАН советник** е усвоена ***ПРОГРАМАТА за подршка и унапредување на основното и предучилишното образование и воспитание во Општина Чешиново-Облешево.***

2. ***ПРОГРАМА за поттикнување и унапредување на еднаквите можности на мажите и жените на територија на Општина Чешиново-Облешево.***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Светлана Заова самостоен референт за канцелариско и архивско работење.
Светлана Заова:
Согласно член 16 од Законот за еднакви можности на мажите и жените, единиците на Локалната Самоуправа се должни да ги утврдат и унапредат еднаквите можности и да го почитуваат принципот на еднакви можности при усвојување на мерки и активности кои се потребни за воспоставување на еднакви можности меѓу половите.
Целите на програмата се:

- Охрабрување на жените за пријавување на семејното насилство како и насилство за време на работа
- Човечките права-дискриминација
- Жената и одлучувачките процеси во локалната заедница
- Подигање на свеста за грижа на жената на сопственото здравје
- Подобрување на информираноста кај младите за заштита од несакана бременост и инфективни заболувања
- Изготвување на основни статистички податоци за економско-социјална положба на жените на територијата на Општина Чешиново-Облешево
- Родово одговорно буџетирање
- Јакнење на капацитетите/едукација на КЕМ, советниците од советот на општината, општинска администрација, образовни институции
- Интезивирање и проширување на соработката со НВО од областа на еднаквите можности

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***ПРОГРАМАТА за поттикнување и унапредување на еднаквите можности на мажите и жените на територија на Општина Чешиново-Облешево.***

3. ***Предлог-ПРОГРАМА за активности на Општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2026 година.***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Весна Горева Малинова,раководител на одделение за јавни дејности.

Весна Горева-Малинова:

- Оваа програма опфаќа културни и спортски манифестации.
- Манифестација ден на општина 21 септември, планирани се 500.000,00 денари.
- Манифестација Ден наштркот, планирани се 30.000,00 денари.
- Фестивал на оризот, планирани се 30.000,00 денари
- Манифестација Св. Трифун-с. Кучичино, планирани се 50.000,00 денари
- Бадников-Коледарски оган, планирани се 30.000,00 денари
- Манифестација Сурва – с. Теранци, планирани се 30.000,00
- Богојавление-Водици, Потопување на светиот крст во осветените води, планирани се 30.000,00 денари
- Одбележување на 27 Април 1905-годишнина од смртта на македонскиот револуционер Никола Карев кај Свиланово, планирани се 10.000,00 денари
- Организирање на Илинденски Спортски Игри-Чешиново, планирани се 500.000,00 денари
- Меморијални турнири во фудбал, планирани се 90.000,00 денари
- Црковни и граѓански собири, планирани се 30.000,00 денари
- Мото дефиле, планирани се 10.000,00 денари
- Другиманифестации културни и спортски активности кои ќе се одржат на територија на Општина Чешиново-Облешево, планирани се 90.000,00 денари

Гросде Митров:

- Сакам да предложам за коледарскиот оган сумата да е 80.000,00 денари.

Александар Саздов:

- Сумата за турнирот на Андреј Митев е мала, барем 120.000,00 денари

Претседателот на советот Горанчо Димишков:

- Ова се само предложени средства, не се конечни. Го ставам предлогот на Гросде Митров на гласање.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен .

Претседателот на советот Горанчо Димишков: . Го ставам предлогот на Александар Саздов на гласање.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен .

Дарко Стојанов:

- За одбележувањето на 27 април предлага од 10.000,00 да го ставиме на 20.000,00 денари.

Претседателот на советот Горанчо Димишков: . Го ставам предлогот на Дарко Стојанов на гласање.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен .

Влатко Заов:

- На 21-ви септември 2026 година треба да биде гордост и радост на нашата општина.А место празнична атмосфера не обвива длабока тага. Неодамна изгубивме 9 млади животи во трагичен пожар, 9 светли иднини кои згаснаа премногу рано. Четири од тие семејства живеат на само неколку чекори во близина на паркот. Во вакви моменти длабоко сме свесни дека радоста нема место. Затоа како општина да донесеме одлука која ја сметаме за човечки, достоинствена и исправна. Средствата кои се планирани за забавната прграма, музичарите и естрадните уметници, да ги пренамениме. Првиот дел за средствата да биде доделен на тешко повредените и на семејствата кои го изгубија драгоценото. Нема зборови што можат да ја намалат болката но ова е знак дека не се сами. Дека нивната трагедија е болка на целата заедница. Вториот дел да биде наменет за довршување на нашата црква која веќе дваесет години стои не изградена. Да ја завршиме црквата значи да изградиме место за молитва, спомен и утеха. Во чест на нашата општина да продолжиме да градиме, да помагаме и да бидеме подобри. Ви благодарам.

Претседателот на советот Горанчо Димишков: . Го ставам предлогот на Влатко Заов на гласање.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен .

Претседателот на советот Горанчо Димишков:

- Дали има некој друг за збор?
- Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен .

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***ПРОГРАМАТА за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2026 година***

4. ***БАРАЊЕ парични средства***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Емилија Анастасова.

Емилија Анастасова:

- Ова се парични стредства за Весна Стојова.Ваше е колку кје се договорите. Едноктарните средства се од 3.000,00 до 6.000,00 денари.

Грозде Митров:

- Да се договориме според интервенцијата, ако е поголема и сумата да е поголема.

Бранко Стоименовски:

- Мој предлог е 6.000,00 денари.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков го стави на гласање предлогот од 6.000, 00 денара.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено Барањето од 6.000,00 денара за еднократна парична помош.

5. ***Извештај за наплата на даноците во Општина Чешиново-Облешево за 2025 година, состојба 30.11.2025 година***

Претседателот на Совет, Горанчо Димишков даде збор на Сања Петрова соработник за поддршка и развој на ЛЕР.

Сања Петрова:

- Јас сум Сања Петрова вработена во оделот за даноци. Наплатата во нашата општина е од даноците како основен извор на приходите. Во извештајот попрецизно е прикажано. Сите приходи на даноци до сега, до 31.11.2025 година.

Да се надеваме дека до крајот на годината, до 31.12.2025 година ќе има повеќе наплата.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се преминува на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ; НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***ИЗВЕШТАЈОТ за наплата на даноците во општина Чешиново-Облешево за 2025 година***

6. ***ПРЕДЛОГ годишна програма за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина чешиново-Облешево за 2026 година***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Ива Стефанова раководител на одделение за локален економски развој.

- Програмата за поставување на времените објекти на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година на градежно неизградено земјиште сопственост на Рекупблика Северна Македонија со изградена инфраструктура и за кој е донесена урбанистичко планска документација опфаќа:
- Локалитетите за поставување на времените објекти во Општина Чешиново-Облешево и на начин на користење на земјиште за поставување на истата
- Висина на надоместокот за користење на градежното уредено земјиште за поставување на времените објекти, и начинот на плаќање на истиот

- Времетраењето на користење и условите за поставување на времените објекти
- Типот и формата на времените објекти кои треба да бидат поставени
- Преодни и завршни одредби

Гросде Митров:

- Дали некој има поднесено?

Ива Стефанова:

- До сега за времени објекти нема поднесено.

Гросде Митров:

- Сакам да укажам дека ако има да се изврши надзор

Ива Стефанова:

- Има си закон и по законот каква че биде градбата.

Претседателот на советот Горанчо Димишков:

- Дали има некој друг збор?

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **9 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***ПРЕДЛОГ годишна програма за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина чешиново-Облешево за 2026 година***

Пауза: Борче Гигов и Александар Саздов

7. ***ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за 2026 година за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Чешиново-Облешево***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Ива Стефанова раководител на одделение за локален економски развој.

- Со оваа Програма се утврдува потребата и се уредуваат стандардите за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Чешиново-Облешево и постапката за давање согласност за поставување на урбаната опрема. Овде спаѓа рекламна паноа за Житотопоставување детски реквизити во паркот.

Гросде Митров:

- Во Спанчево има слободен дел, да се уреде просторот и да се стави "добредојдовте во Општина Чешиново-Облешево"

Ива Стефанова:

- Може да си го дадето ова како предлог.

Претседателот на советот Горанчо Димишков:

- Дали има некој друг збор?

Претседателот на Советот Горанчо Димишков го стави на гласање предлогот од Грозде Митров.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **9 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен .

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **9 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за 2026 година за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Чешиново-Облешево***

Пауза: Виктор Нестов

8. ***ПРОГРАМА за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачје на Општина Чешиново-Облешево 2026 година.***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Ива Стефанова раководител на одделение за локален економски развој.

- Сопственоста на градежно земјиште создрава права и обрски. Сопственоста на градежно земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Земјиштето што се води на Република северна Македонија, ако општината сака да продаде се прави со системот преку јавна лицитација.Само урбанистички планови дека има може да се продава.и постапката градежни парцели-фотоволтаици е во тек.

Грозде Митров : Почетната цена кој ја одредува?

Ива Стефанова: Со уредба.

Претседателот на советот Горанчо Димишков:

- Дали има некој друг збор?

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **10 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***ПРОГРАМА за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачје на Општина Чешиново-Облешево 2026 година.***

9. ***НАЦРТ-Буџет на Општина Чешиново-Облешево.***

Претседателот на Советот Горанчо Димишков:

- Го молам претседателот на комисијата финансии и буџет да се произнесе.

Грозде Митров:

- Комисијата за финансии одржа седница и без расправа го одобри нацрт буџетот за 2026 година.

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Ивана Минова-Богданова раководител на одделение за финансиски прашања.

- На комисијата разговаравме, рамката ни е 20.935.000 или вкупно Буџетот на Општината е 60.729.557, од самофинансирачки активности, тоа се школите и градинката имаме:
- Градинка – 4.200.000
- Школи – 530.000

По основ на дотација – 87.093.898 денари

Сите овие средства се распределени по различни конта и програми, по тоа колку е имало можности да се распределат.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***НАЦРТ-Буџет на Општина Чешиново-Облешево.***

10. ***ПЛАН на развојна програма за Реконструкција на улица Сремска и дел од улица 6 во село Облешево***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков им кажа на советниците да го разгледат планот.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се преминува на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***ПЛАН на развојна програма за Реконструкција на улица Сремска и дел од улица 6 во село Облешево***

11. ***ПЛАН за развојна програма за Реконструкција на улица Маршал Тито во село Чешиново фаза 2***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков им кажа на советниците да го разгледат планот.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***ПЛАН за развојна програма за Реконструкција на улица Маршал Тито во село Чешиново фаза 2***

12. ***ПЛАН за развојна програма за Реконструкција на линиски објект Гичо Стојчев во село Кучичино***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков им кажа на советниците да го разгледат планот.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАН советник** е усвоен ***ПЛАН за развојна програма за Реконструкција на линиски објект Гичо Стојчев во село Кучичино***

13. ***ПЛАН за развојна програма за Реконструкција на линиски објект Трајан Мицков во село Кучичино***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков им кажа на советниците да го разгледат планот.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***ПЛАН за развојна програма за Реконструкција на линиски објект Трајан Мицков во село Кучичино***

14. ***ПЛАН за развојна програма за Реконструкција на улица во село Спанчево на дел од КП6058/1 и КП 5797/1***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков им кажа на советниците да го разгледат планот.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***ПЛАН за развојна програма за Реконструкција на улица во село Спанчево на дел од КП6058/1 и КП 5797/1***

15. ***ПЛАН за развојна програма – Основен сообраќаен проект за режим на сообраќај на ул. Маршал Тито с. Облешево***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков им кажа на советниците да го разгледат планот.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***ПЛАН за развојна програма – Основен сообраќаен проект за режим на сообраќај на ул. Маршал Тито с. Облешево***

16. ***ПЛАН за развојна програма за Реконструкција на дел од улица Јоаким Крчовски во село Облешево***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков им кажа на советниците да го разгледат планот.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***ПЛАН за развојна програма за Реконструкција на дел од улица Јоаким Крчовски во село Облешево***

17. ***ПЛАН за развојна програма за Реконструкција на дел од улица Прохор Пчински КП2924 во село Чифлик***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков им кажа на советниците да го разгледат планот.
Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***ПЛАН за развојна програма за Реконструкција на дел од улица Прохор Пчински КП2924 во село Чифлик***

18. ***ПЛАН за развојна програма за Изградба на систем за изведување на отпадните води во с.Соколарци 2ра фаза***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков им кажа на советниците да го разгледат планот.
Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***ПЛАН за развојна програма за Изградба на систем за изведување на отпадните води во с.Соколарци 2ра фаза.***

На пауза: Дарко Стојанов и Грозде Митров

19. ***ОПЕРАТИВЕН ПЛАН за заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја на територија во надлезност на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година***
Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Иван Митков Помлад инспектор за животна средина
- Според член 126 од Законот води Општината Чешиново-Облешево изготви оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја на територијата во надлежност на опстината.
  Со овој план се опфаќаат мерките за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра кои се загрозени од поплавите и ерозија предизвикани од високите водостои на реките или езератапоради обилни врнежи, топење на снег и водозаштитните објекти.
  Борче Гигов:
- Мој предлог е кога веќе се чистат каналите да се исчистат и во населените места.

Претседателот на советот Горанчо Димишков: . Го ставам предлогот на Борче Гигов на гласање.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **9 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен .

Влатко Заов: - Во село Чифлик од црквата до главниот пат дали може да се исчисте каналот .

Иван Митков:Ако е поширок од 1,5 м. Нема да може ништо, ќе се провере во системот и скица.

Дивна Зафирова: Ако можете да си земете во предвид како инспектор, да покренете барање за чистење на речното корито на реката Брегалница, мислам дека од 2011 година не е чистено.

Иван Митков: писмено имаме доставено до АД Водостопанство и известени се со дописи.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **10 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***ОПЕРАТИВЕН ПЛАН за заштита и одбрана од поплави за загрозени подрачја на територија во надлезност на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година***

20. ***УКАЖУВАЊЕ од Државен комунален инспектор***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Марија Јованова-соработник за имот на општината, соработка со НВО и месна самоуправа.

Марија Јованова: Имаме секаде проблеми со гробните места и затоа во секое населено место да се определи нова катастерска парцела која што ќе биде неменета за гробни места. Ваше е да се определат места и одлука од ЈПКД.

Бранко Стоименов: Дали ова е само за нови парцели?

Марија Јованова: Одржување на старите и нови парцели.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **8 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, 2 ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***УКАЖУВАЊЕТО од државниот комунален инспектор.***

21. ***ИЗВЕСТУВАЊЕ за катастерски парцели за отпаден шут***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков праша кој има збор.

Бранко Стоименов: КП 1996 Теранци, која парцела е?

Ива Стефанова: Земјиште на Република Северна Македонија. Додека се ископува градежниот шут мора некаде да има локација, тоа е привремена локација или предложете вие локација.

Бранко Стоименов: До патот е оваа парцела, ќе имаме проблеми.

Христина Горгиева: Нека се огради местото.

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков и сите советници одлучија да се разгледа оваа точка и наредната седница ќе ја гласаат.

22. ***ИЗВЕСТУВАЊЕ за промена на член во Управен одбор на ЈПКД Облешево***
Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Борче Гигов-Претседател на мандатни прашања.

Борче Гигов: Ова е известување за промена на член на Управен одбор на ЈПКД Облешево именуван од Советот на Општина Чешиново-Облешево , Андреј Стојанов поради лични причини. Предлог, Петров Дејан.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **9 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***ПРОМЕНАТА на член во Управниот одбор на ЈПКД Облешево.***

23. ***ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ на Олуката за фотмирање на Комисија за проценка и уттврдување на висина на штети од природни непогоди и други штети.***
Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Борче Гигов-Претседател на мандатни прашања.

Борче Гигов: Оваа комисија е постоечка и во неа се прават измени. Предните членови поради лични причини си дадеа оставка. На местото на Марија Кировски е Стојанче Гаврилов, на местото на Васе Анакиев е Лила Миленкова и на местото на Тина Петрова е Бранко Кузмановски.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **9 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ на Олуката за фотмирање на Комисија за проценка и уттврдување на висина на штети од природни непогоди и други штети.***

24. ***ПРЕДЛОГ од Грозде Митров, за бетонирање на одводниот канал во с. Спанчево.***
Грозде Митров: Бидејќи јас сум предлагач на точката. Тој проблем во Спанчево е деценски проблем. Најдобро решение би било да се избетонира каналот. Така нема да страда месното население.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **10 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***ПРЕДЛОГ од Грозде Митров, за бетонирање на одводниот канал во с. Спанчево.***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков:Ја затворам 4-тата редовна седница.

Советот заврши во 12:30 часот.

Записничар

Емилија Анастасова

_____

М.П.

Претседател на Совет

Горанчо Димишков

_____